# И З В Е Ш Т А Ј

**за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Валандово за 2020 година**

Општина Валандово со Годишната Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици во 2020 година, планираше активности во сообразност со средствата кои ги имаше на располагање за таа намена.

Притоа Општина Валандово со Буџетот за 2020 година, а сообразно на тоа и со Годишната програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици во 2020 година, ги имаше планирано следните средства:

- Од Програма JD0 Изградба на локални патишта и улици 41.920.000,00 денари, со намена:

1. 17.700.00,00 денари, за завршување со изградбата на ул.„Вардарска“ во населеното место Удово;
2. 19.750.000,00 денари за завршување Проектот на поврзување на Регионален пат R-1105 со населено место Горна Маала;
3. 1.160.000,00 денари, за тампонирање на дел од патот Башибос-Бајрамбос;
4. 1.400.000,00 денари, за завршување на сообраќајното поврзување на Индустриската зона Раброво со Регионалниот пат R 1105;
5. 1.150.000,00 денари, за Уредување на влезот и просторот пред станбената зграда над бензинската пумпа во Валандово;
6. 200.000,00 денари за надзор;
7. 560.000,00 денари, за завршување на Изработката и ревизијата на основен проект за:
   - локален пат за поврзување на село Чалакли со село Татарли;
   - локален пат за поврзување на с.Јосифово со с.Калково;
   - фаза сообраќај за приклучок на индустриска зона Раброво на Регионален пат.

- Од Програма JDA Изградба на локални патишта во град Валандово и населените места 6.500.000,00 денари со намена за Изградба и реконструкција на улици во град Валандово и Изградба на споредни улици во населеното место Пирава“.

- Од Програма Ј60 Одржување на локални патишта, улици и регулирање на режимот на сообраќајот 800.000.000,00 денари и тоа:

1. 500.000,00 денари, за Поставување на сливници и канали за атмосферски води на улици во населените места Јосифово, Удово и Валандово;

- 300.000,00 денари за одржување на улици и патишта .

Релализацијата на Годишната програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици во 2020 година, е следната:

1. Завршено е со изградбата на улицата „Вардарска“ во населеното место Удово.

За реализација на оваа инвестиција беше спроведено постапка за јавна набавка во која постигната е цена од 17.685.711,00 денари со пресметан ДДВ, а изведувач на работите беше Друштво за трговија, земјоделство, производство и услуги БОНИ ИНТЕРГРАДБА ДОО увоз-извоз Штип.

2. Завршено е со поврзувањето на Регионален пат R-1105 со населено место Горна Маала.

По спроведена јавна набавка, постигната е цена од 19.733.739,00 денари со пресметан ДДВ, а изведувач на работите беше Друштво за градежништво и трговија ЖИКОЛ ДООЕЛ експорт-импорт Струмица.

3. Завршено е со тампонирањето на дел од пат Башибос-Бајрамбос во должина од 700м.

По спроведена јавна набавка, постигната е цена од 1.151.828,00 денари со пресметан ДДВ, а изведувач на работите беше Друштво за производство, трговија, услуги и градежништво ПЕЛАГОНИЈА-ТИРЦ ДООЕЛ увоз-извоз Гевгелија.

4. Завршени се градежните работи за сообраќајно поврзување на Индустриската зона Раброво со Регионален пат R 1105.

По спроведена јавна набавка, постигната е цена од 1.400.904,00 денари со пресметан ДДВ, а изведувач на работите беше Друштво за производство, усслуги и трговија УНИВЕРЗАЛ ГРАДБА ДООЕЛ увоз-извоз Струмица.

5. Завршено е со уредувањето на влезот и просторот испред станбената зграда над бензинската пумпа во Валандово.

По спроведена јавна набавка, постигната е цена од 1.028.834,00 денари со пресметан ДДВ, а изведувач на работите беше Друштво за производство, трговија и усслуги ПОРТЛАНД-ОПЦ ДООЕЛ Струмица.

6. Завршена е изработката и ревизијата на основен проект:

- за локален пат за поврзување на село Чалакли со село Татарли;
- за локален пат за поврзување на с.Јосифово со с.Калково;
- фаза сообраќај за приклучок на индустриска зона Раброво на Регионален пат.

По спроведена јавна набавка, постигната е цена од 457.840,00 денари со пресметан ДДВ, а изведувач на работите беше Друштвото за промет и услуги АСТРЕКС ДООЕЛ извоз-увоз Скопје.

7. Извршено е реконструкција и асфалтирање на улици во Валандово и тоа:

- Улица „Борис Кидриќ“
- Улица „Едвард Кардељ“
- Улица „Васил Главинов“
- Улица „Вељко Влаховиќ“

По спроведена јавна набавка, постигната е цена од 3.202.493,00 денари со пресметан ДДВ, а изведувач на работите беше Друштво за градежништво и трговија ЖИКОЛ ДООЕЛ експорт-импорт Струмица.

8. Изградени се споредни улици во населено место Пирава и тоа

- Улица „Владо Џонов“
- Улица „11-ти Октомври“
- Сокак во населба Бутел
- Улица „Димитар Устамитов“

По спроведена јавна набавка, постигната е цена од 1.433.413,00 денари со пресметан ДДВ, а изведувач на работите беше Друштво за градежништво и трговија ЖИКОЛ ДООЕЛ експорт-импорт Струмица.

9. Извршено е поставување на сливници и канали за атмосферски води во населените места Јосифово, Удово и Валандово.

По спроведена јавна набавка, постигната е цена од 397.166,00 денари со пресметан ДДВ, а изведувач на работите беше Друштво за градежништво, трговија и услуги ПЕШО ИНЖЕНЕРИНГ ДОО Струмица.

Реализирањето на сите градежни работи беше перманентно следено од страна на овластени службени лица од администрацијата на општината и од страна на надзорен инженер на Друштвото за градење, проектирање и надзор со трговија на големо и мало ГОЈА Павлов Митко увоз-извоз ДООЕЛ Гевгелија, избрано во постапка за јавна набавка. За надзор над градежните работи плаќани се средства во висина од 0,79% од вредноста на работите, цена постигната во постапка за јавна набавка.

Изведбата на работите беше во целост според изготвените предмери, со доследно почитување на прописите и стандардите за изградба на објекти од нискоградбата.

Одделение
за урбанизам, комунални работи,
заштита на животната средина и
локален економски развој

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 08-8/3
28.01 2021 год.
Валандово

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), и член 45 и 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на четириесет и третата редовна седница, одржана на ден 28.01.2021 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за усвојување на Извештајот за реализацијата на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Валандово во 2020 година**

**1. СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализацијата на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Валандово во 2020 година.

**2.** Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

СОВЕТ НА ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Претседател
Владимир Марков